ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“
ул. „Андон Шурков“ 4а
1400 Велес

www.kolenedelkovski.edu.mk
e-mail: kolenedelkovski@yahoo.com
facebook.com/rcsookolenedelkovski

# КУЌЕНРЕДНА УЧИЛИШТЕТО

**Општи одредби**

Со куќниот ред се регулира редот, дисциплината, односите меѓу учениците, наставниците и наставата во Училиштето;

Според законот за средно образование, како и Статутот на Училиштето, учениците имаат права кои ги остваруваат преку наставата и други облици на воспитно образовна работа, а истовремено имаат и обврски кои треба да ги исполнуваат и почитуваат

## 1. Организација на работата на училиштето

1.Училиштето работи во две смени: прва смена од 7.15-13.20, втора смена од 13.30-19.30.

2.Учениците доаѓаат на настава најдоцна пет минути пред почетокот на наставата.Главниот влез се затвора(не се заклучува) во 7.25 односно во 13.40 часот.

3.Големиот одмор на првата смена е после вториот час и трае 20 минути а во втората смена е после третиот час и трае исто така 20 минути. Малите одмори се со траење од 5минути

4. Задната врата на училиштето ќе биде отворена за време на малите одмори,а ќе се затвора за време на час од обезбедувањето и дежурниот професор

5. По завршување на наставата учениците ја напуштаат училишната зграда, освен во случај на воннаставни активности.

6. Задолжително е носење картички за идентификација.

7. Се воведуваат задолжителни дежурства на професорите на спрат. Дежурните наставници се придржуваат кон должностите и распоредот даден од директорот.

8. За време на наставата потребно е во училишната зграда да има работна дисциплина

9. Забрането е излегување од часот и шетање низ ходниците за да не се наруши текот на наставата

10.Се забранува групно и индивидуално напуштање на часови.Поради истото на учениците ќе им бидат изречени педагошки мерки

11. Паралелките, односно учениците од истите, кои групно ќе го напуштат часот нема да дежураат во текот на годината.

12. Забрането е користење мобилен телефон за време на часовите, истиот мора да биде исклучен и да биде ставен во организаторите за мобилни телефони поставени во училницата.

13.Во случај кога наставникот од било која причина не е на часот подолго од 10 минути, потребно е дежурниот ученик да го извести раководителот на смена, поради регулирање на часот.

14. Не е дозолено пушење во училиштето и внесување на дрога и алкохол.

15. Се забранува непочитување, нарушување на личноста и угледот и физичкиот интегритет на соучениците, вработените и наставниците во и надвор од училиштето.

## 2. Ученици

16. Ученикот, како субјект во воспитно-образовниот процес, има јасна слика за својата положба и улога во училиштето и ги знае своите права и одговорности и да ги извршува истите

17.Учениците да ги почитуваат законските одредби и одлуките на органите во училиштето и пошироко

18. Ученикот треба да биде почитуван како личност без оглед на неговите способности, таленти, пол, раса, култура, традиција, вероисповед и социјална положба.

19.Да ја почитува личноста на своите соученици, наставници и родители и да ја цени меѓусебната зависност на индивидуи и групи

20. Ученикот да има совесен, одговорен и хуман однос кон сите во училиштето

21.Сите потреби од административен карактер учениците ги остваруваат преку класните раководители(потврди, уверенија и сл.)

22.Учениците се должни да носат пристојна облека.

23. Должност на сите ученици е да ја одржуваат хигиената во училниците, ходниците, тоалетните простории и во училишниот двор (отпадоци, отпушоци да бидат фрлани во соодветни корпи за одпадоци)

24. Должност на сите учениците е културно и совесно да се однесуваат кон училишниот имот, кабинетите, компјутерите, училишнииот инвентар,инсталациите и сл. Секоја направена штета ке се надокнадува, а заодредени штети се изрекуваат педагошки мерки според Статутот на училиштето.

25. Доследно да се почитува Правилникот за употреба на учебниците

26. Доследно да се почитува Правилникот за заштита и користење на компјутерите кој се наоѓа во секој кабинет (истиот треба да се третира од секој предметен наставник, а за истото да се евидентира во дневникот)

27.При влегување во училница дежурните ученици од класот се должни да пријават евентуални штети направени на претходниот час.

28. Предметниот наставник е должен да го прими на час ученикот кој ќе задоцни на настава и да го евидентира во дневникот со времето во кое пристигнал.

29.Пред напуштањето на училницата секој ученик е должен да провери дали го оставил своето место во ред и дали ги понел со себе своите предмети.

30. Дежурните ученици од паралелките се должни последни да ја напуштат училиницата, да проверат и да пријават евентуално изгубени работи или материјални штети

31. За време на одморите и часовите по спорт дежурните ученици се одговорни за личните предмети на учениците.Училиштето не е должно да им ги надоместува на учениците изгубените предмети.

32. Учениците кои се истакнуваат со својата раабота, успех и поведение, ќе бидат пофалени и наградени.

33. Пофалбите, дипломите на наградените се доделуваат на крајот на учебната година.

Секој ученик е должен да се придржува на куќниот ред во училиштето. Во спротивно ќе се изрече педагошка мерка согласно одредбите на Стаутот на училиштето.